| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Зимата ни доаѓа |
| **Содржина на денот** | Зима – обработка на стихотворба |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Вера Јовановска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор и потсетување како да се чуваме за да бидеме здрави. |
| **Активности** | Разгледување на зимски слики и сликовници. Поттикнете разговор со детето за тоа што гледа и забележува на сликите. Препознавање на промените во природата во зима, како се однесуваме кога врне снег (облекуваме топла облека, играме игри на снег, зимски спортови). Потоа охрабрете го детето да научи кратка стихотворба за зимата и поттикнете го активниот говор кај детето.<br>Зима<br><br>Зима дојде студот коси<br>ветер вее , снегулки ни носи .<br><br>Зима зима снегулки има<br>снегулки фини , мали балерини.<br><br>Прочитајте ја стихотворбата и објаснете ги непознатите зборови на детето. Потоа читајте ја повеќе пати и повторувајте заедно со него. Охрабрете го детето самостојно да рецитира и пофалете го. |